# Радиодифузери

**Медиумскиот сектор во Република Македонија се состои од три сегменти: (1) јавен сервис (Македонската радиотелевизија), (2) комерцијални телевизии и радија и (3) непрофитни радија.**

Радио или телевизиско емитување може да се врши само врз основа на дозвола, којашто ја доделува Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Периодот на **важност на дозволите** за телевизиско или радио емитување **е девет години** со можност за продолжување, исто, за 9 години.

Во моментов **има вкупно 123 радиодифузери, од кои 53 телевизии и 70 радија**. Од телевизиите, 13 емитуваат програма на државно ниво (5 преку мултиплекс, 4 преку кабелски оператори и 4 преку сателит); 20 на регионално ниво (10 преку мултиплекс и 10 преку кабелски оператори) и 20 локална телевизија (преку кабелски оператори).

Од радијата, 3 емитуваат програма на државно ниво, 17 на регионално (од кои едно непрофитно) и 50 на локално ниво (2 се непрофитни).

**Агенцијата врши надзор врз работењето на радиодифузерите од повеќе аспекти: заштита на малолетната публика, рекламирање, спонзорство, пласирање производи, обврските за емитување музика и за изворно создадени програми…**

За секој извршен надзор се изготвува извештај. Ако е констатирано прекршување, на радиодифузерот му се изрекува мерка – опомена, односно, доколку се продолжува со вршење на истата повреда на законот, во текот на годината, се покренува прекршочна постапка пред надлежен суд.

**ТЕЛЕВИЗИИ**

- Регистар на телевизии
- Обрасци и формулари за ТВ
- Надзори/Изречени мерки на телевизии
- Преглед на прекршочни постапки
- Програмски концепт за телевизиските програмски сервиси

**РАДИЈА**

- Регистар на радија
- Обрасци и формулари за РА
- Надзори/Изречени мерки на радија
- Преглед на прекршочни постапки
- Програмски концепт за радио програмски сервиси